ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
30-03-2018
09-347/3

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-484
17.03.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член ... 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08, 103/08, ... 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, ... 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Класична филологија со антички студии или византологија, Археологија и Историја со архивистика на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Класична филологија со антички студии или византологија, Археологија и Историја со архивистика на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ... Република Македонија, Решение бр. 1409-263/10 од 25.01.2018 година за акредитација на студиската програма ... од прв циклус четиригодишни студии по Класична филологија со антички студии или византологија, Решение бр. 1409-263/8 од 25.01.2018 година за акредитација на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Археологија и Решение бр. 1409-263/7 од 25.01.2018 година за акредитација на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Историја со архивистика на Филозофскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-173/3 од 13.02.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-484 од 14.02.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Класична филологија со антички студии или византологија, Археологија и Историја со архивистика на Филозофскиот факултет.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-484 од 19.02.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 26.02.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-484 од 13.03.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Класична филологија со антички студии или византологија, Археологија и Историја со архивистика на Филозофскиот факултет, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

Доставена до:
- Именуваните
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борче Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити